# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 април 2025*

## ХРИСТОС КАКО УЧИТЕЛ

Откупителот на светот минувал по својата животна патека правејќи само добро. Со каква ли само истрајност ги набљудувал промените на лицата на своите слушатели додека стоел пред нив и ги изговарал зборовите на вечната вистина! Лицата на слушателите кои одразувале длабоко интересирање и радост додека ги слушале зборовите кои излегувале од Неговите усни, му причинувале вистинско задоволство. Меѓутоа, кога јасно изговорената вистина се однесувала на некој вкоренет грев или омилен идол, забележувал поинакви промени на лицата. Тоа бил студен и непомирлив поглед кој покажувал дека вистината не е добредојдена. Исус знаел дека јасната осуда на гревот е она што им недостасува на Неговите слушатели, и дека светлината со која ги осветлувал темните одаи на душата ќе им донесе најголем благослов кога истата ќе ја прифатат.

Христос си поставил за цел вистината да ја изнесе со јасни и лесно прифатливи изрази кои, ако бидат прифатени, ќе донесат среќа и душевен мир. Бидејќи можел да гледа под површината, ги согледал длабоко вкоренетите гревови кои го поткопувале животот и карактерот, а душата ја одалечувале од Бога. Поради тоа укажувал на таквите гревови, со цел сите да ги видат во вистинската светлина и да ги отфрлат. Во некои кои биле закоравени, однадвор видел луѓе кои влеваат голема надеж, кои ќе ја примат светлината и ќе станат Негови искрени следбеници.

Кога стрелите на вистината ќе допрат до срцата на слушателите, рушејќи ги бариерите на себичноста и доведувајќи до понизност, каење и благодарност, срцето на Спасителот играло од радост. Кога во собраното мноштво кое го опкружувало забележувал лица кои ги гледал во некои минати настани, на Неговото лице се забележувала огромна радост, бидејќи тие биле идни поданици на Неговото царство.

Христовите весници кои ги праќал требало да имаат исти чувства и длабока љубезност. Сите оние што доаѓаат во искушение да

помислат дека нивната работа не се цени и заради тоа стануваат малодушни, треба да имаат на ум дека и Христос работел со луѓе кои имале тврди срца, и дека морал да помине низ многу потешки искуства од неговите следбеници. Тој ги поучувал луѓето со љубов и трпение. Неговата длабока и прониклива мудрост ги познавала потребите на душата на Неговите слушатели, и кога забележал дека луѓето ја презираат пораката на мир што им ја носел, Неговата душа ја облевала длабока болка.

Спасителот на светот не дошол во надворешна убавина, ниту пак се гордеел со световната мудрост. Под човечката природа во која бил облечен, луѓето не можеле да ја видат Славата на Божјиот Син: „Беше презрен, отфрлен од луѓето, човек на болката, свикнат на страдањата“ (Исаија 53,3). Во нивните очи „израсте пред Него како нежно стебло, како корен од сува земја. Немаше на Него ни убавина ни блесок за да би сме се загледале во Него, ни милозливост за да би ни се допаднал.“ Но „Духот на Господа Бога е на Мене, зашто Господ Ме помаза, Ме испрати да им донесам Радосна Вест на бедните, да ги излечам скршените срца; да им проповедам слобода на заробениците и ослободување на оние во темница“ (Исаија 61,1).

Христос им приоѓал на луѓето онаму каде што се наоѓале. Со едноставен, но убедлив говор, им ги изнесувал чистите, свети и јасни вистини. Непознатите, сиромашните и необразованите можеле со вера во Него да ги сфатат највозвишените вистини. Никој не требало да се обраќа до учените теолози за да им биде објаснета Неговата наука. Тој не ги збунувал необразованите со таинствени навестувања, ниту ги употребувал невообичаените научни изрази кои не можеле да ги разберат. Најголемиот учител кој светот некогаш го видел во своите поуки, бил најодреден, наједноставен и најпрактичен.

„Вистинската Светлина, Која го осветлува секој човек, доаѓаше во светот“ (Јован 1,9). Светот имал големи учители, луѓе со циновски интелект и необична остроумност, луѓе кои пробудувале мисли и отворале големи видици во областа на науката и сознанијата и таквите луѓе заслужено се почитуваат како водачи и добротворители на човештвото. Меѓутоа, постои Еден кои ги надминува во сè. Тој „на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца“.

„Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син-Бог, Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави“ (Јован 1,12.18).

Трагите на големите учители на човештвото може да ги следиме низ целата човечка историја, но Оној кој претставува „Светлина на светот“ бил пред сите нив. Како што месечината и ѕвездите во сончевиот систем претставуваат само отсјај на сончевата светлина, така и големите мислители во светот, доколку нивните учења се вистинити, претставуваат само рефлексија на блескавите зраци на Сонцето на Правдата. Секоја возвишена мисла, секој блесок на човечката интелигенција доаѓа од Оној кој претставува Светлина на светот (Елена Вајт, *Евангелски работници*, стр. 32-34).

*Сабота, 12 април 2025*

## ПАВЛЕ, АПОСТОЛ НА НЕЗНАБОЖЦИТЕ

Павловиот живот интензивно бил исполнет со разни активности. Минувал од град во град, од народ до народ разгласувајќи ја историјата за крстот, обратувајќи ги душите кон евангелието и основајќи цркви. Во постојаната грижа за овие цркви, им напишал многу писма кои биле исполнети со суштествени поуки и упатства. Одвреме-навреме го работел својот занает, за да го заработи својот насушен леб.

Меѓутоа, во сите активности на својот живот никогаш не ја изгубил од вид својата важна цел - да „трча кон целта“ на својот возвишен повик.

Павле секогаш живеел во небесна атмосфера, и неа насекаде ја носел со себе. Сите кои доаѓале во допир со него ја чувствувале неговата соединетост со Христа. Фактот дека вистината што ја проповедал ја поткрепувал со својот личен пример во секојдневниот живот, давал убедлива сила на неговите проповеди. Токму тука се наоѓа силата на вистината. Спонтаноста и несвесноста на влијанието на светиот живот претставува најубедлива проповед која може да се изнесе во полза на христијанството. Дури и убедливите аргу-

менти може да предизвикаат противење, но примерот на побожноста има таква сила на која не можеме да ѝ се спротивставиме.

Срцето на апостолот горело од љубов кон грешниците, а тој сите свои напори ги насочил во делото на придобивање души. Никогаш порано немало работник кој би покажал поголема пожртвуваност и истрајност во работата од него. Благословите што ги примал, ги ценел исто како и предностите кои може да се искористат за благослов на ближните. Не пропуштал ниту една можност да проговори за Спасителот или да им помогне на оние кои се во неволја. Кога ќе чуел дека се случило некое зло, се трудел да стане против него и чекорите на мажите и жените да ги насочи по патот на праведноста.

Павле никогаш не ја заборавал одговорноста која почивала врз него како проповедник на Исуса Христа; или можноста, кога душите ќе бидат изгубени, Господ од него да побара одговорност за тоа. Тој зборувал: „Затоа ви сведочам во овој ден дека сум чист од крвта на сите вас" (Дела 20,26). „На која јас ѝ станав служител, според Божјото управителство, што ми е дадено за вас, за да го исполнам Божјото слово: тајната, која беше сокриена за векови и поколенија, а која им е откриена сега на Неговите свети, на кои Бог сакаше да им јави како е богата славата на оваа тајна меѓу народите: Христос во вас, надеж на славата. Ние Го проповедаме Него, опоменувајќи го секој човек и учејќи го секој човек во сета мудрост, за да го претставиме секој човек совршен во Христа Исуса. Затоа се трудам и се борам сообразно на Неговата делотворна сила, која дејствува силно во мене" (Колошаните 1,25-29).

Овие зборови, пред секој што работи за Христа, го изнесува високото мерило кое треба да се достигне, но него може да го достигнат само оние кои се подготвени да се стават под управа на Големиот Учител и секојдневно да учат во Христовата школа. Бог има на располагање неограничена сила, така што проповедникот кој во својата голема потреба се потпира на Господа, ќе може да биде сигурен дека ќе го прими она што за неговите слушатели ќе претставува животен мирис.

Павловите списи покажуваат дека проповедникот на евангелието треба да биде пример за вистината која ја проповеда: „Не даваме никакви соблазни, ни во што, за да не и се приговори на нашата

служба“ (2. Коринќаните 6,3). На Тит му напишал: „Исто така, опоменувај ги младите да бидат здраворазумни, давајќи се во сè себеси како пример за добри дела, во науката - нерасипаност, достоинство, здраво и беспрекорно слово, за да се засрами секој противник, немајќи што да каже лошо за нас. Опоменувај ги робовите за да им се покоруваат на своите господари, да настојуваат да им угодат, да не им противречат“ (Тит 2,6-9).

За својата работа ни оставил слика во своето послание до коринтските верници: „Туку во сè се покажуваме како Божји слуги: во големо трпение, во неволји, во беди, во тешкотии, при удари, во темници, во буни, во напори, во бдеења, во пости; во чистота, во знаење, во трпеливост, во добрина, во Светиот Дух, во нелицемерна љубов; во словото на вистината, во Божјата сила, со оружје на правдата, со десната и левата рака, со слава и со срам, со лош глас и со добар глас, како измамници, а вистински луѓе, како непознати, а пак, добро познати, како оние кои умираат - и ете, живееме; како казнувани, но не убивани, како жалосни, но секогаш радосни; како бедни, а збогатуваме други, како оние кои немаат ништо, а имаат сè“ (2. Коринќаните 6,4-10).

Павловото срце било исполнето со длабока и трајна свест за својата одговорност; Тој работел во длабока заедница со Оној кој е извор на праведност, милост и вистина. Се држел за Христовиот крст како единствена гаранција за својот успех. Љубовта на Спасителот била незапирлива побуда која го одржувала во неговите судири со самиот себеси и во неговата борба против злото, и во Христовата служба тој одел напред спротивставувајќи се на непријателството на светот и противењето на непријателите.

Во овие денови на опасност, на црквата ѝ е потребна армија работници кои, слично на Павле, биле воспитани да бидат корисни, стекнале длабоко искуство во Божјите работи и се исполнети со серизоност и ревност. Потребни се посветени луѓе, подготвени за жртва; луѓе кои се храбри и верни и во чиишто срца живее Христос „надежта на славата“ (Колошаните 1,27) и кои на усните се допрени со свет оган за „проповедање на словото“ (2. Тимотеј 4,2). Поради недостаток на вакви работници, Божјето дело се врши со рамнодуш-

ност, а кобните заблуди како смртоносен отров ја слабеат моралната сила и ја замрачуваат надежта на голем дел од човековиот род.

Кога верните, уморни и исцрпени знаменосци ќе го жртвуваат својот живот на олтарот на вистината, кој ќе истапи напред за да го заземе нивното место? Дали нашите млади ќе го прифатат светиот залог од рацете на своите татковци? Дали се подготвуваат да ги пополнат празните места кои останале по смртта на верните? Дали ќе го послушаат налогот на апостолот, ќе го слушнат ли повикот за служба изложени на себичноста и честољубието кое ги мами младите луѓе? (Елена Вајт, *Евангелски работници*, стр. 40-43)

*Сабота, 19 април 2025*

## ВЕРНИЦИТЕ ВО СЛУЖБА

Христовите слуги... не смеат да бидат мрзливи, туку како толкувачи на неговата Реч, да вложуваат крајни сили да бидат верни. Никогаш не смеат да престанат да учат. Мора во својата душа да ја сочуваат свеста за светоста на делата и за големата одговорност на својот повик, за никогаш и на ниедно место да не му принесуваат на Бога оштетена жртва, дар кој не ги чинел ни труд ни молитви. На Господа му се потребни луѓе со силен молитвен живот. Секој работник треба да прима оспособување и сила од височините, треба да оди напред со вера и надеж по патот по кој Бог го повикува да тргне. Божјата Реч живее во младите посветени работници. Тие треба да бидат брзи, сериозни, силни и во Божјите совети да наоѓаат непресушен извор на потпора.

Бог го повикал овој народ да му ја објави на светот пораката за Христовото скорешно доаѓање. Ние треба да им го упатиме на луѓето последниот повик на евангелската гозба, последниот повик на свадбената вечера на Јагнето.

Илјадници места треба да го слушнат повикот во кои сè уште не допрела божествената порака. Мнозина кои до сега не ја објавувале веста, сега треба да почнат да ја објавуваат. Повторно ги прашувам

младите: „Зар Господ не ви упатил повик да ја проповедате оваа вест?“...

Во минатото имало такви кои своите мисли ги сосредоточувале на душите, говорејќи: »Господе, помогни ми да ја спасам оваа душа!“ Меѓутоа, сега таквите луѓе се ретки. Колкумина од нив покажуваат дека ја сфаќаат опасноста во која се наоѓаат грешниците? Колкумина ги споменуваат оние, за кои знаат дека се наоѓаат во опасност, и ги претставуваат пред Бога во молитва; колкумина од нив се молат Бог да ги спаси?

Апостол Павле можел да каже за првата црква: „ И го славеа Бога за мене!“ (Галатите 1,24) Зар не би требало да се трудиме да живееме на таков начин што истите зборови ќе можат да бидат изговорени и за нас? Господ ќе се погрижи да ги приготви патишата и начините за сите оние што ќе го бараат со целото свое срце.

Тој бара од нас да го признаеме божественото водство кое се покажува во подготовката на полињата за работа и во подготовката на начините на кои ќе влеземе успешно во тие полиња. Проповедниците и евангелистите почесто нека одвојуваат време сериозно да се молат со оние кои се осведочени во вистината. Имајте на ум дека Христос е секогаш со вас. Господ е секогаш подготвен на најпрекрасен начин да ја покаже својата благодат за да ги зајакне и охрабри искрените и скромни работници. Осветлете ги другите со истата светлина со која Бог ве осветлил вас. Оние што го прават тоа му принесуваат на Бога најдрагоцен дар. Срцата на оние што ја носат добрата вест за спасението, блескаат со духот на прославување...

Бројот на работници во службата не смее да се смалува, туку во голема мера да се зголемува. Таму каде што сега има еден работник во полето, треба да му се додадат уште дваесет; и ако Божјиот Дух управува со нив, овие дваесетмина така ќе ја преставуваат вистината што ќе им бидат додадени уште дваесет.

Христовото достоинство и служба бараат остварување на таквите услови кои се според Негова волја. Неговите следбеници ќе стануваат сѐ поголема и поголема сила во објавување на вистината, како што ќе се приближуваат кон совршенство во верата и љубовта кон своите браќа. Бог се погрижил да ни даде божествена помош во се-

која неволја за која нашите човечки извори ќе бидат недоволни. Тој го дава својот Свет Дух да ни помогне во секоја мака, да ја зајакне нашата сигурност, да го просветли нашиот ум и да го очисти нашето срце. Тој сака да се обезбедат доволно можности за извршување на неговите планови. Ве повикувам да барате совети од Бога. Барајте го со целото свое срце и „што и да ви каже, направете така“ (Јован 2,5).

Со таква војска работници, каква што нашите млади, правилно обучени, можат да ја осигураат, колку бргу пораката за распнатиот, воскреснат Спасител, кој наскоро ќе ни дојде пак, би можела да се однесе во целиот свет! Колку бргу би можел да дојде крајот – крај на страдањата, тагите и гревот! Колку бргу, наместо имотот овде, со неговиот жиг на гревот и болките, нашите деца би можеле да го примат своето наследство во кое „праведниците ќе ја наследат земјата и таму ќе престојуваат засекогаш“ во кое „жителите нема да кажат: болен сум“, во кое „никогаш повеќе не ќе се чуе глас на плач“ (Псалм 37,29; Исаија 33,24; 65,19)! (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 45-47).

*Сабота, 26 април 2025*

## МЛАДИТЕ КАКО НОСИТЕЛИ НА ОДГОВОРНОСТИ

**„Ви напишав, татковци, зашто Го познавте Оној, Кој е од почеток. Ви напишав, млади, зашто сте силни и зашто Божјото слово пребива во вас и зашто го победивте лукавиот“ (1. Јованово 2,14).**

За да може работата да оди напред во сите свои гранки, Бог бара младешка живост, ревност и храброст. Тој ги избрал младите луѓе да помогнат во напредувањето на Неговото дело. За да се планира со бистар ум, за да се остварува со храбри раце, потребна е свежа и неоштетена енергија. Младите се повикани да му ги посветат на Бога силите на својата младост и со употреба на своите способности, со остро размислување и животодавно дејствување, може да му донесат слава на Бога и спасение на своите ближни.

Со оглед на својот возвишен повик, младите меѓу нас не би смееле да ги бараат задоволствата на животот или, пак, да живеат себично, во задоволување на своите барања. Спасението на душите треба да претставува побуда, мотив кој ќе ги поттикнува на дејствување. Со силата што ја примиле од Бога, треба да се воздигнат над секоја заробеничка и понижувачка навика. Треба добро да внимаваат на патиштата по кои се движат нивните нозе, имајќи на ум дека многумина ќе ги следат по патеката по која одат.

Никој не живее сам за себе; сите шират влијание на добро или на зло. Токму затоа апостолот ги повикува младите да бидат будни. А како би можеле да бидат поинакви ако имаат на ум дека треба да соработуваат со Христа, да учествуваат со Него во Неговото самооткажување и жртва, како и во поднесувањето и милосрдната великодушност?

На младите во денешно време, слично како на Тимотеј, им се упатени следните зборови: „Труди се грижливо, за да се покажеш себеси достоен пред Бога како работник, кој не треба да се срамува, кој правилно го проповеда словото на вистината! Бегај од младински желби! Стреми се кон правда, вера, љубов и мир со оние кои го повикуваат Господа од чисто срце. Никој да не те презира заради твојата младост! Туку, биди им пример на верните во словото, во поведението, во љубовта, во верата, во чистотата!“ (2. Тимотеј 2,15.22; 1. Тимотеј 4,12)

Има меѓу нас такви кои ги носеле одговорностите, а сега полека се движат кон смртта. Многумина од оние кои биле во првите редови во спроведувањето на реформите што сме ги воделе како црква, сега веќе се подложни на ограничувањата на животот и чувствуваат дека им опаѓа физичката и менталната сила. Со најдлабока загриженост треба да го поставиме прашањето: Кој ќе го заземе нивното место? Кому ќе му бидат доверени животните интереси на црквата откако сегашните носители на знамето ќе паднат? Не можеме да не бидеме загрижени додека ги гледаме денешните млади како оние кои ќе мора да ги преземат товарите и врз кои ќе паднат главните одговорности. Тие ќе мора да ја преземат работата таму каде што други ја напуштиле и нивното однесување ќе одреди дали ќе преовладее моралноста, религијата и животната побожност,

за сметка на неморалноста и неверноста кои ќе го расипат и извалкаат она што е вредно.

Постарите мора да ги образуваат младите со прописи и примери да ги исполнуваат барањата кое општеството и нивниот Создател ги бараат од нив. Овие млади ќе мора да преземат сериозни одговорности. Се поставува прашањето: Дали се способни да владеат со себе, да се покажат во непорочност на својата од Бога дадена мажественост, притоа гнасејќи се од сѐ што наликува на беззаконие?

Никогаш претходно не биле ставени толку работи на коцка; никогаш резултатите не зависеле толку од поколенијата кои сега се појавуваат во центарот на случувањата. Во ниту еден момент младите не смеат да мислат дека може на прифатлив начин да ги носат доверливите должности, доколку немаат добро изграден карактер. Со исто такво право би можеле да очекуваат да берат грозје од грмушки или смокви од трње!

Добриот карактер се ѕида полека, цигла по цигла. Оние особини кои ќе ги оспособат младите успешно да работат во Божјето дело, мора да се стекнат со трудољубиво вежбање на сите способности и користење на сите можности што Провидението им ги става на располагање преку поврзување со изворот на секоја мудрост. Тие не смеат да се задоволат со пониски мерила. Карактерите на Јосиф и Давид претставуваат добар пример кој треба да го следат, додека во животот на Спасителот имаат совршен пример.

На сите им се нуди можноста да го развијат својот карактер. Сите мора да го заземат местото кое им е одредено во Божјиот голем план. Господ го прифатил Самоил уште од неговото детство, затоа што неговото срце било чисто. Тој бил подарен на Бога како посветена жртва, така што Господ го направил канал на својата светлина. Ако денешните млади бидат посветени како Самоил, Господ ќе ги прифати и ќе ги искористи во своето дело. И тогаш заедно со псалмистот ќе можат да ги изговорат следните зборови за својот живот: „Боже, Ти ми беше учител од мојата младост, и сѐ досега ги разгласувам Твоите чудеса“ (Псалм 71,17). (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 47-48).

*Сабота, 3 мај 2025*

## ПОТРЕБА ЗА ОБУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Наскоро младите ќе мора да ги преземат одговорностите што ги носат постарите работници. Ние сме изгубиле многу време занемарувајќи на младите да им пружиме солидно, практично образование. Божјето дело треба постојано да оди напред и ние мора да ја слушаме заповедта: одете напред! Постои потреба за млади луѓе кои нема да се поколебаат поради околностите и ќе одат со Бога, ќе се молат и ќе вложуваат сериозни напори за да ја соберат целокупната светлина што им стои на располагање.

Работникот за Бога мора да вложи највисоки ментални и морални сили кои природата, образованието и Божјата благодат може да му ги обезбедат, но неговиот успех сепак ќе одговара на степенот на неговото посветување и самопожртвуваност со кој се извршува работата, наместо да се потпира на природните или стекнатите способности. Ќе биде неопходно сериозно и постојано настојување да се стекне способност за корисна служба; но доколку Бог не делува заедно со човекот, нема да се постигнат добри резултати. Божествената благодат е важен елемент на спасоносната сила; без неа сите човечки напори би биле напразни.

Кога Бог има некоја работа која мора да се заврши, Тој ги повикува водачите но и работниците. Денес ги повикува младите луѓе кои се силни и активни со умот и телото. Тој сака во судирот со началствата и властите и со нивната духовна расипаност на високите места, да ги внесат своите свежи и здрави сили на умот, коските и мускулите. Меѓутоа, ним им е потребна соодветна духовна подготовка...

На Божјето дело му се потребни способни луѓе. Воспитувањето и обучувањето со право се сметаат за битна подготовка за деловниот живот; но колку е поважно темелното подготвување за делото на објавување на последната вест на светот! Таквата обука не може да се стекне само со слушање проповеди. Во нашите школи млади-

те треба да носат одговорности за Бога. Треба да добијат темелна обука под управа на искусни наставници. Своето време посветено на учење треба да го искористат на најдобар начин, а стекнатото знаење да го применат во пракса. Се бара напорно учење и вредна трудољубива работа за да се стане успешен проповедник или успешен работник во која било гранка на Божјето дело. Ништо помалку од постојаното облагородување нема да ја развие вредноста на даровите што Бог ни ги дал мудро да ги користиме.

Честопати на нашите млади им се нанесува голема штета кога им се дозволува да почнат да проповедаат, иако сѐ уште немаат доволно познавање на Писмото со цел нашата вера да ја претстават на разумен начин. Некои од нив кои заминуваат во полето сѐ уште се почетници во познавањето на Писмото. И на други подрачја се недоволно подготвени и оспособени. Тие не можат без двоумење да ги читаат текстовите од Писмото, погрешно ги изговараат зборовите и ги групираат зборовите на таков начин што со ја изопачуваат смислата на Речта. Оние кои не знаат правилно да читаат, тоа треба да го научат, пред да бидат оспособени да застанат пред народот да поучуваат.

Оние кои биле оспособени за служба, треба брзо да ги заземат своите места во Господовото дело. Потребни се работници кои ќе одат од куќа до куќа. Господ ги повикува да вложат сериозни напори во местата во кои луѓето не знаат ништо за библиските вистини. Пеењето, молитвите и читањето на Библијата се неопходни во домовите на верните. Сега, токму сега е време да се послуша налогот: „Учејќи ги да пазат сѐ што Сум ви заповедал!“ (Матеј 28,19) Тие кои ја извршуваат оваа работа треба да имаат детално познавање на Писмото. „Пишано е!“, треба да биде нивното одбрамбено оружје. Бог во својата реч ни дал светлина со цел таа светлина да им ја пренесеме на ближните. Вистината што Христос ја изговарал ќе досегне до човековите срца. Изреката „Така рече Господ!“ силно ќе допре до човечките уши, а плодовите ќе се појават секаде каде што ќе се објавува оваа чесна служба (Counsels to teachers, p. 535-540). (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 49-51).

*Сабота, 10 мај 2025*

## ВАЖНОСТА НА ОБУЧУВАЊЕ ЗА МИСИОНСКОТО ДЕЛО

**„Ние сме соработници на Бога, а вие сте Божја нива, Божја зграда“ (1. Коринќаните 3,9).**

Делото на христијанските работници не смее да биде лесно и небитно. Тие имаат возвишено звање кое мора да го обликува и преокупира целокупниот нивен живот. Оној кој себеси ќе му се предаде на едно такво свето дело, мора да ги насочи целокупните свои напори за да го оствари. Своите цели треба високо да ги постави, бидејќи никогаш нема да може да постигне повисоки мерила од оние што си ги поставил. Тој не може да шири светлина додека прво самиот не ја прими. Тој мора да биде ученик пред да стекне доволно мудрост и искуство да стане учител кој ќе биде способен да ги отвора Писмата пред оние кои се наоѓаат во темнина. Ако Бог ги повикал луѓето да бидат Негови соработници, тогаш сигурно ги повикал на најдобар начин да се подготват, со цел возвишените вистини на Неговата Реч правилно да му ги претставaт на светот.

Оние кои сакаат да му се посветат на Божјето дело треба да се образуваат и обучат за тоа дело, така што ќе бидат способни разумно да се вклучат во него. Не смеат да помислат дека веднаш ќе може да се искачуваат на повисоките скали; оние кои сакаат да успеат, мора да почнат на првата скала и чекор по чекор да се движат нагоре. Ним им се пружаат можности и шанси за усовршување и затоа треба да ги вложат сите напори кои се во нивна моќ за да научат да ги извршуваат Божјите работи на прифатлив начин.

Каде и да работат нашите проповедници, дали во Европа или Америка, треба да ги поттикнат младите да се подготват за служба во големото Божје бојно поле. Сите кои се трудат да му служат на Христа, треба да ја извршуваат Неговата работа. Самиот збор „слуга“ навестува дека се работи за вложеност, работа и целосна одговорност. Бог на секој поединец му доверил одговорности кои мора ги оствари во Неговата служба. Тој на секого му доверил работа и бара секоја одговорност да биде остварена на Негова слава.

**Војничка обука**

Токму пред нашата печатница во Базел, Швајцарија се наоѓа голем парк со голема земјена површина, кој од страна на владата бил одреден за обука на војници. На ова место секојдневно во одредено време во годината може да забележиме како војниците вежбаат. Тие се обучуваат за своите должности во војската, така што, во случај на војна, да бидат подготвени да одговорат на повикот на владата и да се вклучат во вистинска служба.

Еден ден на полигонот беше донесен еден убав шатор. Тогаш почнаа вежбите за негово составување и расклопување. Војниците добиваа упатства како правилно да го подигнат, така што секој од нив мораше да изврши одреден дел од работата. Неколку пати го составуваа и расклопуваа шаторот.

Друга чета на полигонот изнесе многу мали топови, а офицерите даваа упатства на кој начин побрзо да се пренесат од едно на друго место, како да се расклопат топовските делови со цел топовите да се подготват за употреба, потоа брзо да се наместат предните тркала за да бидат подготвени за движење во моментите кога ќе биде издадена таква наредба.

Амбулантните возила, кои беа доведени во санитарните единици, вежбаа давање брза помош на ранетите лица. Луѓето ги ставаа на носилки, главите, рацете и нозете ги премотуваа со завој како навистина да се ранети на бојното поле. Тогаш ги внесуваа во амбулатните возила и ги одведуваа од полигонот.

Со часови војниците вежбаа ослободување од своите ранци и повторно ги ставаа врз плеќите. Учеа како да го положат своето оружје и како повторно да го земат на себе. Вежбаа јуриш на непријателските позиции и извршување други видови војнички маневри.

Вежбите продолжуваа со цел да се подготват за секоја итна ситуација. Дали треба оние кои ги водат битките за кнезот Емануел да бидат помалку внимателни и сериозни во своите подготовки за духовната борба? Оние кои се занимаваат со оваа голема работа задолжително мора да учествуваат во неопходните вежби. Пред да бидат оспособени да издаваат наредби, тие мора да се научат да слушаат (Елена Вајт, *Еванѓелски работници,* стр. 52-53).

*Сабота, 17 мај 2025*

## МОЖНОСТИ ЗА ОБУЧУВАЊЕ

Би требало да дојде до решителен напредок на подрачјето на посебните подготовки на работниците за Божјето дело. Во сите наши области би требало да се донесат добро смислени планови за поучување и обучување на оние кои сакаат да се вклучат во Божјето дело. Нашите градски мисии нудат поволни можности за подготовка за мисионска работа, но тоа сепак не е доволно. Во нашите школи би требало да се пружаат најдобри можности за подготовка на работниците за работа во поле на домашен терен и во странски земји. Би требало во нашите поголеми цркви да бидат отворени посебни школи за обука на младите луѓе кои ќе се оспособат да работат за Господа. Нашите проповедници треба да посветат многу повеќе внимание во помагањето и образованието на младите соработници.

Кога ќе се вложат напори вистината да се објави на некое важно место, нашите проповедници треба да посветат особено внимание на поучувањето и обучувањето на оние кои треба да соработуваат со нив. Потребни се литерарни евангелисти и аквизитери кои ќе бидат способни да одржуваат библиски часови по домовите, така што, додека проповедниците работат со Речта и доктрините, тие ќе можат да ги насочуваат мислите на луѓето кон вистината.

Нашите проповедници кои отишле во важни места за да одржуваат предавања под шатори, често пати правеа сериозни грешки кога целото свое време го посветуваа во проповедање. Требаше да има помалку проповедање а повеќе поучување на луѓето и младите кои сакаат да постигнат успех во работата. Проповедниците треба да бидат успешни во поучување на другите насочувајќи ги во проучување на Библијата, но и во обучувањето на умот и однесувањето на оние кои треба да станат работници во Божјето дело. Тие треба да бидат подготвени да ги посоветуваат и поучуваат оние кои неодамна ја прифатиле вистината и кои имаат способности да работат за Учителот.

Сите оние што сакаат да бидат успешни како работници, мора многу време да посветат во молитва. Врската меѓу Бога и душата мора да биде отворена, така што работниците мора да го препознаат гласот на својот Заповедник. Би требало внимателно да ја проучуваат Библијата. Божјата вистина, слична на злато, не лежи секогаш на површината, туку до неа мора да се допре со сериозно размислување и проучување. Ваквото проучување нема да му го обезбеди на умот само најдрагоценото знаење туку ќе ги зајакне умствените способности и ќе им пружи правилен увид за вистинската вредност на вечните работи. Божествените начела треба да се внесат во секојдневниот живот, кој треба да биде обликуван според Божјето големо мерило на праведноста, така што целокупниот карактер ќе биде зајакнат и облагороден.

Оној кој се труди да се оспособи за Божјето свето дело, мора да биде мошне внимателен да не се најде на непријателско тло, туку да го избере друштвото на оние кои ќе му помогнат да стекне божествено знаење. Бог дозволил сакaниот ученик Јован да биде прогонет на Патмос каде што бил одвоен од светската бучава, од судирите кои владеат во светот како и од надворешните влијанија и работата што најмногу ја сакал. Тогаш Господ морал да разговара со него и да му ги открие завршните сцени на светската историја. Јован Крстителот си направил свој дом во пустината за да ја прими пораката од Бога која требало да им ја објави на луѓето. Оваа порака имала за цел да го подготви патот на Оној кој требал да дојде.

Колку што стои до нас, треба да се чуваме од влијанијата кои можат да ги свртат нашите мисли од Божјето дело. Посебно оние кои се млади во верата и искуството, треба да се чуваат заради сопствената самодоверба да не се најдат на патот на искушението.

Оние кои правилно се однесуваат кон работата, ќе почувствуваат потреба да го имаат Исуса на секој чекор од својот живот, така што ќе станат свесни дека усовршувањето на умот и однесувањето е обврска којашто самите себеси си ја должат, но и обврска која Бог ја бара од нив - должност од која во голема мера ќе зависи успехот во нивната работа. (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 53-55).

*Сабота, 24 мај 2025*

## НИКОЈ НЕ СИ Е ДОВОЛЕН САМИОТ ЗА СЕБЕ

Некои кои размислуваат да станат мисионски работници можат да мислат за себе дека многу напредувале и дека не им е потребно некое особено вежбање; меѓутоа, токму на оние со вакво размислување им е потребно темелно обучување. Кога ќе дознаат многу повеќе за вистината и важноста на делото, тие ќе го сфатат своето незнаење и неспособност. Кога внимателно ќе го преиспитаат сопственото срце, ќе видат дека претставуваат спротивност на непорочниот Христов карактер така што ќе мора да извикаат: „Кој е доволно добар за ваквата работа?“ И тогаш во длабока понизност секојдневно ќе се трудат да воспостават блиска врска со Исуса Христа. Додека ги победуваат себичните склоности на своето непрепородено срце, тие ќе ги стават своите стапки на патот на кој ги води Исус: „Објаснувањето на Твоите зборови просветлува, ги вразумува простодушните“ (Псалм 119,130). Меѓутоа, оние кои ќе негуваат високо мислење за своите способности и достигнувања, ќе бидат исполнети со сопствената важност, така што нема да дозволат Божјата реч да ги просветли и да ги поучи.

Многумина сметаат дека се оспособени да го извршуваат делото за коешто малку знаат; и, кога ќе почнат да работат, се исполнети со сопствената важност, така што пропуштаат да го стекнат знаењето кое морале да го добијат во Христовата школа. Тие ќе бидат осудени да се борат со многу тешкотии за кои се целосно неподготвени. Секогаш ќе им недостасуваат искуството и мудроста сè додека не станат целосно свесни за својата голема неспособност.

Делото многу изгубило поради погрешната работа на луѓето кои имаат способности, но не стекнале соодветна обука. Тие се зафатиле со работи со кои не знаат како да управуваат, и, како последица на тоа, постигнале многу слаби резултати. Не успеале да извршат ни десет проценти од она што можеле да го завршат кога од самиот почеток би го имале неопходното знаење. Тие се фатиле за неколку замисли, успеале да покренат неколку разговори и тука нив-

ното напредување завршило. Тие сметале дека се способни да бидат учители, иако едвај ги совладале првите букви во познавање на вистината. Постојано се сопнувале, не служејќи на чест ниту на себе, ниту на делото. Изгледа дека немале доволно интерес да ја придвижат својата заспиена енергија и да ги оптоварат своите способности за да станат успешни работници. Не се потрудиле да направат темелни и добро смислени планови, така што нивната работа покажувала недостатоци во сите сегменти.

Некои од нив се разочарале, се откажале и си побарале друга работа. Кога трпеливо и понизно би ги ставиле своите нозе на најниската скала и кога истрајно и со полна енергија би почнале да се качуваат чекор по чекор, притоа внимателно користејќи ги можностите и предностите што им се пружале, би можеле да се оспособат како корисни работници кои ќе дадат доволно докази за својата подготвеност за проповедничка служба од која нивниот Учител не би бил посрамен.

Доколку оние кои сакаат да работат на спасување на душите се потпрат на сопствената ограничена мудрост, сигурно ќе доживеат неуспех. Но, ако негуваат скромно мислење за себеси и ако целосно се потпрат на Божјите ветувања, Тој никогаш нема да ги разочара: „Надевај се на Господа со сето свое срце и не се потпирај врз сопствениот разум. Мисли на Него на сите свои патишта и Тој ќе ги исправи твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5.6). Ние ја имаме предноста да нè насочува мудриот Советник.

Бог може да направи скромните луѓе да станат моќни во Неговата служба. Оние кои послушно одговараат на повикот на должноста, усовршувајќи ги своите способности до највисок степен, можат да бидат сигурни дека ќе ја примат божествената помош. Ангелите ќе доаѓаат како гласници на светлината да им помогнат на оние кои ќе бидат подготвени целосно да се вложат и да се потпрат на Господа соработувајќи со Неговите напори.

Мора да нагласиме дека сите оние што одлучиле да станат Божји работници, мора да дадат соодветни докази дека се вистински обратени. Младите луѓе без здрав и беспрекорен карактер нема да послужат во чест на вистината. Секој работник мора да биде непорочен во своето срце и во неговите усни не смее да се најде измама.

Тој треба да има на ум дека, доколку сака да биде успешен, мора Христа да го има покрај себе и дека секој погрешен обичај, колку и да е скриен, е видлив пред очите на Оној пред кого стоиме.

Гревот го расипал божествениот лик во човекот. Преку Христа тој може да биде обновен; но само со искрена молитва и победа над самите себе можеме да станеме учесници во божествената природа...

Вистинските работници во Господовото лозје ќе бидат луѓе на молитвата, полни со вера и самоодрекување, луѓе кои ги контролираат своите наклоности и барања. Тие во својот живот ќе пружаат докази за силата на вистината која им ја проповедаат на другите, а нивната работа нема да биде неуспешна.

Работниците кои работат за Бога, треба да бидат подготвени да ги вложат највисоките ментални и морални сили со кои ги обдариле природата, образованието и Божјата благодат; но нивниот успех ќе биде сразмерен на степенот на посветување и пожртвување со кој ги извршуваат работите, наместо со природните или стекнатите способности. Навистина се неопходни најсериозни и трајни напори човекот да се оспособи за корисна служба; но доколку Бог не дејствува заедно со човечките сили, ништо нема да се постигне. Христос вели: „Зашто без Мене не можете да направите ништо“ (Јован 15,5). Божествената благодат е силен елемент на спасоносната сила, без неа сите човечки напори ќе бидат залудни (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 60-61).

*Сабота, 31 мај 2025*

## НА ТЕШКИТЕ МЕСТА СЕ ПОТРЕБНИ МЛАДИ ЛУЃЕ

Црквата може да се прашува дали на младите луѓе може да им бидат доверени тешки одговорности поврзани со воспоставување и надгледување на странски мисии. Јас им одговарам: Бог определил тие да бидат оспособени во нашите школи и со дружење и работа со луѓе кои имаат искуство во Божјето дело, тие ќе можат да заземат корисни места.

Ние мора да покажеме доверба во нашите млади луѓе. Тие треба да бидат пионери во сите потфати во кои се бара труд и пожртву-

ваност, додека преоптоварените Христови слуги треба да бидат употребени како советници, да ги охрабрат и благословат оние кои ги преземаат најтешките чекори за Бога. Провидението ги навело овие искусни луѓе да заземат тешки и одговорни позиции во своите рани години, додека нивните интелектуални и физички сили сè уште не биле доволно развиени. Големината на довербата што им била укажана ја придвижила нивната енергија, а нивната активна работа во делото им помогнала во физичкиот и менталниот развој.

Потребни ни се младите луѓе. Бог ги повикува во мисионските полиња. Бидејќи се сразмерно послободни од грижите и одговорностите, се наоѓаат во подобра положба да се вклучат во работата, отколку оние кои мора да се грижат за својата обука и за издржување на своите големи семејства. Освен тоа, младите луѓе многу полесно се прилагодуваат на новата клима и новото друштво, и повеќе можат да издржат неудобности и тешкотии. Со тактичност и истрајност можат да им се приближат на луѓето во местата каде што се наоѓаат.

Силата се стекнува со вежбање. Сите кои се служат со способностите што Бог им ги дал, ќе добијат зголемена способност да се посветат во Божјата служба. Оние кои не прават ништо во Божјето дело, ќе пропуштат да растат во благодатта и познавањето на вистината. Човекот кој лежи и одбива да ги вежба своите екстремитети, наскоро ќе ја изгуби секоја способност да ги употребува. Така и христијанинот, кој не ги вежба од Бога дадените способности, не само што престанува да расте во Христа, туку ја губи и силата што веќе ја има; тој станува духовен инвалид.

Токму оние кои го сакаат Бога и своите ближни, кои се трудат да им помогнат на другите, стануваат утврдени, оснажени и вкоренети во вистината. Вистинскиот инвалид не работи за Бога според своите нагони, туку според начелата, не само еден или два месеца туку во текот на целиот свој живот...

Учителот ги повикува луѓето да станат евангелски работници. Кој ќе одговори? Сите што се пријавуваат во војска не стануваат генерали, ниту капетани, водници или десетари. Не ги носат сите грижите и одговорностите на старешините. Има и потешка работа од друг вид која мора да биде завршена. Некои мора да копаат ровови и да

градат утврдувања; некои мора да стојат како стражари, а некои да носат пораки. Иако има малку офицери, потребни се многу војници што ќе ги пополнат војничките редови. Нивниот успех зависи од верноста на секој војник. Страшливоста или предавството на еден војник може да предизвика катастрофа на целокупната армија...

Оној кој „секому му ја одредил неговата работа“ (Марко 13,34), во согласност со неговите способности, никогаш нема да дозволи верното извршување на должностите да остане ненаградено. Секое дело на преданост и верност ќе биде овенчано со посебни докази на Божјата наклонетост и одобрување. На секој работник му е упатено ветувањето: „Одеа со плачење, носејќи го семето за сеење: навистина ќе се враќаат со песна, носејќи ги своите снопови“ (Псалм 126,6).

Многу денешни момчиња што растат проучувајќи ја Божјата реч и Неговите дела, како Даниел во старо време во својот јудејски дом, добиваат поуки во верната служба и ќе стојат во законодавните домови, во судските сали или царските дворови како сведоци за Царот над царевите. Мноштво луѓе ќе бидат повикани во пошироката служба за Бога. Целиот свет се отвора за евангелието. Етиопија ги подава своите раце кон Господа. Од Јапонија, Кина и Индија и многу други земји на континентите кои се покриени со темнина, од секој агол на овој свет се слушаат повици на срцата погодени со грев, а кои сакаат да го запознаат Бога кој е полн со љубов (Воспитување, 262). (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 60-61).

*Сабота, 7 јуни 2025*

## ЈАСЕН НАЧИН НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Кога зборувате, секој ваш збор треба да биде целосен и заокружен, а секоја реченица, сè до последниот збор, треба да биде јасна и конкретна. Кога се приближуваат до крајот на реченицата, многумина го смалуваат интензитетот на гласот и зборуваат неразбирливо, со што ја уништуваат силата на мислите. Зборовите што треба да се изговорат, се достојни да се изговорат со јасен и одреден глас,

изразен со одреден нагласок. Меѓутоа, никогаш не употребувајте зборови со кои ќе сакате да оставите впечаток дека сте образована личност.

Колку е поголема вашата едноставност, толку подобро ќе бидат сфатени вашите зборови.

Млади, дали Бог во вашето срце ставил желба да работите за Него? Тогаш на секој начин треба да го негувате својот глас до крајните граници на вашите способности, за да може на другите да им ги објасните драгоцените вистини. Не создавајте навика да се молите неразбирливо и тивко, за да не мора на вашите молитви да им биде потребен преведувач. Молете се едноставно, но многу јасно и одредено. Овозможувањето на гласот да падне толку ниско што не ќе може да се слушне, не претставува никаков доказ на понизност.

Кога се молите јавно на големи собири, имајте на ум дека му се обраќате на Бога, чија желба е да зборувате на таков начин што сите присутни ќе можат да ве слушнат и сопствените молитви да ги здружат со вашите. Молитвата што се изговара забрзано на таков начин што зборовите се натрупуваат еден врз друг, на Бога не му дава чест, а на слушателите не им донесува никакво добро. Проповедниците, и сите оние што упатуваат јавни молитви, треба да научат да се молат на начин на кој Бог ќе биде прославен, а слушателите ќе бидат благословени. Треба бавно и одредено да зборуваат, со тон кој ќе биде доволно гласен за сите да го слушнат и да се соединат во изговарањето на зборот: Амин! (6T 380-383)...

Начинот на кој се претставува вистината, многу често влијае на тоа дали таа ќе биде прифатена или одбиена. Сите оние што работат во големото дело на реформа треба да проучуваат како да станат успешни работници, за да можат да извршуваат добри дела без да се намали силата на вистината преку нивните недостатоци.

Проповедниците и учителите мора да се дисциплинираат себеси, така што зборовите што ги изговараат треба да бидат јасни и одредени, притоа давајќи потполна звучност на секој збор. Оние кои брзо зборуваат од грлото, натрупувајќи еден збор врз друг притоа подигнувајќи го гласот до неприродни височини, наскоро ќе засипнат, а изговорените зборови ќе изгубат половина од силата кога би биле

изговорени пополека, со бистрина и без голема гласност. Наклонетоста на слушателите кон говорникот се буди поради фактот што говорникот прави еден вид насилство врз себеси, очекувајќи во секој момент да се скрши. Не е никаков доказ дека некој ревнува за Господа ако со нагласени гестикулации себеси се доведува до висок степен на возбуда. „Зашто телесната обука е малку полезна“ (1. Тимотеј 4,18) „Мала е корист од мачењето на телото!“ – (англиски оригинал).

Спасителот на светот посакува Неговите соработници да го претставуваат; колку е поблизу човекот до Бога, толку побеспрекорни ќе бидат неговиот начин на обраќање кон луѓето, неговите ставови, неговото однесување и гестикулации. Непрефинетото и непромислено однесување никогаш не можело да биде забележано кај нашиот пример Исус Христос. Тој бил претставник на небото и Неговите следбеници мора да бидат слични на Него.

Некои мислат дека Господ преку Светиот Дух ќе го оспособи човекот да зборува според Неговата волја; но Господ не ветил дека ќе ја заврши работата која му ја доверил на човекот. Тој ни дал способност за размислување, ни пружил можности да го образуваме умот и однесувањето. И кога ќе направиме сè што можеме, на најдобар начин користејќи ги предностите кои ни стојат на располагање, дури тогаш со искрена молитва можеме да му се обратиме на Бога преку својот Дух да го стори она што ние не сме во состојба да го направиме за самите нас. (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 64-66).

*Сабота, 14 јуни 2025*

## ДА ГО СЛЕДИМЕ ПРИМЕРОТ НА ПАВЛЕ

Апостол Павле ја согледал важноста на обучување на младите луѓе за евангелската служба. Тој ги земал со себе на своите мисионерски патувања и така им давал можност да стекнат искуства кои им овозможувале подоцна да заземат одговорни места во црквата. Кога се разделувал од нив и понатаму останувал поврзан со нивната работа и неговите посланија до Тимотеј и Тит претставуваат до-

каз за неговата длабока желба да постигнат успех во службата. Тој им пишувал: „И што си чул од мене, пред многу сведоци, довери им го на поверливите луѓе, кои ќе бидат способни да ги поучуваат и другите!“ (2. Тимотеј 2,2).

Овој детаљ од Павловата работа упатува важна поука до денешните проповедници. Искусните работници извршуваат благородно дело кога, наместо да се трудат овие одговорности да ги носат сами, ги обучуваат младите луѓе и го положуваат товарот врз нивните плеќи. Бог сака оние кои стекнале искуство во Неговото дело, да ги обучуваат младите за работа во Неговата служба.

Младите работници не смеат да бидат толку обземени со идеите и мислењата на оние кои ги обучуваат, та целосно да ја запоставават сопствената личност. Тие не смеат да ја изгубат сопствената индивидуалност и да се претопат во личноста на оној кој ги поучува, правејќи го она што ќе им биде речено без да го изразат сопственото мислење и не потпирајќи се на своето разбирање за доброто и злото. Нивно предимство е самите да учат од големиот Учител. Доколку оној со кого ученикот работи тргне по пат кој не е во согласност со зборовите: „Така рече Господ!“, нека не застранува, туку нека се обрати на претпоставените во службата, нека им го изложи својот проблем и слободно нека го изрази своето мислење. На тој начин ученикот може да послужи како благослов на својот учител. Тој мора верно да ја извршува својата должност. Бог ќе го смета за виновен ако продолжи да оди по погрешна насока, иако влијанието и одговорноста на оној што го навел на погрешен пат е многу големо.

Младите луѓе ќе бидат повикани да се поврзат со постарите носители на знамето, така што овие верни луѓе ќе може да ги зајакнат и поучат поради тоа што поминале низ разни судири во кои Бог им се обраќал преку сведоштвата на својот Дух, покажувајќи им го вистинскиот а осудувајќи го погрешниот пат. Кога ќе се појават опасности кои ја искушуваат верата на Божјиот народ, овие пионери проповедници треба да ги раскажат своите искуства од минатото, кога во слични околности вистината била оспорувана и кога се ширеле чудни чувства кои не доаѓале од Бога. Во денешно време сатаната бара можност да ги собори старите патокази на вистината -

споменици кои биле подигнати долж нашиот пат, така што ќе ни биде потребно искуството на постарите работници кои ја изградиле својата куќа на цврста карпа и кои во добро и во зло останувaат непоколебливо на страната на вистината. (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 74-75).

*Сабота, 21 јуни 2025*

## СИЛА ЗА СЛУЖБА

Во овие денови на опасност, црквата има потреба од војска од работници кои, слично на Павле, се приготвиле за корисна служба, кои стекнале длабоко искуство во она што е Божје и кои се исполнети со сериозност и ревност. Потребни се пожртвувани, посветени луѓе - луѓе кои нема да ги избегнуваат неволјите и одговорностите; луѓе кои се храбри и чесни; луѓе во чиишто срца е Христос, „надежта на славата“ и кои ќе ја проповедаат Речта со усни, очистени со свет оган“! Заради недостаток на такви луѓе, Божјето дело венее и кобни заблуди, како смртоносен отров, го поткопуваат моралот и ја уништуваат надежта на најголемиот дел на човечкиот род.

Оние кои се луѓе во Божјите очи и кои се запишани како такви во небесните книги, тоа се оние кои ја негуваат секоја способност, како Даниел, на таков начин за да можат најдобро да го претставуваат Божјото царство на светот кој лежи во беззаконие. Напредувањето во знаењето е значајно затоа што, кога ќе се употреби во Божјето дело, знаењето е сила за добро. На светот му се потребни луѓе што мислат, луѓе на начелата, луѓе кои постојано растат во разбирањето и расудувањето. Потребни се луѓе кои печатените материјали ќе ги употребат за најголема корист, за вистината да може да добие крилја со кои ќе одлеат во секој народ, и јазик, и племе.

Христос ни заповеда: „Излези по патиштата и по оградите и натерај ги да дојдат, за да се наполни мојот дом“ (Лука 14,23). Послушни на овие зборови, ние мора да појдеме кај незнабошците во нашата близина, но и меѓу оние кои се далеку од нас. „Цариниците и

блудниците“ мора да го слушнат повикот на Спасителот. Преку љубезноста и трпението на неговите весници, повикот станува сила која ги поттикнува и ги издигнува оние што потонале во најниските длабочини на гревот.

Христијанските побуди бараат да работиме со упорна намера, со незамрена заинтересираност и со сè поголема упорност за душите кои сатаната се обидува да ги уништи. Ништо не смее да ја олади сериозната, копнежлива енергија за спасение на изгубените. Забележете како се покажува преку Божјата Реч духот на итност да се повикаат луѓето да дојдат кај Христа. Ние мора да ја искористиме секоја можност што ни се дава за јавно и приватно да го изнесеме секој доказ, да ја покренеме секоја побуда за да ги привлечеме луѓето кон Спасителот. Со сета своја сила мора да ги повикуваме да гледаат на Исуса и да го прифатат неговиот живот на самооткажување и жртва. Мора да покажеме дека од нив очекуваме да го израдуваат Христовото срце на тој начин што ќе се послужат со сите негови дарови за да го прослават неговото име.

Нашата верност кон Бога и нашата подготвеност да работиме за Него, а не должината на времето што сме го поминале во работа, придонесуваат она што го правиме да му биде угодно на Бога. Освен тоа, во секоја наша служба се бара искрена и целосна наша преданост на Бога. И најмалечката должност, извршена искрено и несебично, многу му е помила на Бога од најголемата работа што е обележана со себичност. Бог сака да види како Христовиот дух се покажува преку  нас, колкава сличност со Христа откриваат нашите дела. Тој повеќе ги сака љубовта и верноста со кои пристапуваме кон делото, отколку количеството на работата што ќе ја извршиме.

Дури кога ќе исчезне себичноста, кога ќе прекине борбата за првенство, кога срцето ќе се исполни со благодарност, кога љубовта ќе го разубави животот – дури тогаш Христос навистина ќе живее во нашето срце и ние ќе бидеме признати како Божји соработници. (COL 402)

Од сите луѓе во светот, реформаторите мора да бидат најнесебични, најљубезни, најуслужни. Во нивниот живот треба да се ви-

ди вистинска добрина изразена со несебични дела. На оној работник на кој му недостасува учтивост, кој покажува нетрпение кон незнаењето или своеглавост кон другите, кој зборува пренаглено или постапува непромислено, може да го затвори пристапот кон срцата, така што не ќе може никогаш повеќе да им се приближи.

И како што росата или тивкиот дожд паѓаат на исушените билки, и вашите зборови нека паѓаат нежно кога се трудите да ги спасите душите од заблуда. Божји план е најпрвин да се приближиме до срцето. Вистината треба да ја изговараме со љубов, потпирајќи се на Него, кој ќе ни даде сила да го реформираме својот живот. Светиот Дух ќе направи зборовите изговорени со љубов да дејствуваат на душата.

Нашата човечка природа е таква што нè влече да бидеме самоуверени и насочени кон самите нас. Меѓутоа, кога ќе ги научиме поуките што Христос сака да ги научиме, ние стануваме учесници во Неговиот живот. Прекрасниот пример на Исус Христос, ненадминливата нежност со која се приближувал на чувствата на другите, плачејќи со оние што плачат, радувајќи се со оние што се радосни, мора да има длабоко влијание на карактерот на сите оние што искрено го следат. Со љубезни зборови и дела тие ќе се трудат да го олеснат патот на секоја уморна нога (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 371-373).

*Сабота, 28 јуни 2025*

## ДВОЕН ЖИВОТ

Највозвишена задача на воспитувањето не е само пренесување на знаење, туку всадување на животната сила што се прима при допирот на умот со ум и на душата со душа. Само животот раѓа живот. Какво предимство имале оние што три години биле во секојдневен допир со тој божествен живот од кој потекнал секој животодавен поттик што му донел благослов на светот! Повеќе од своите другари, саканиот ученик Јован, ја прифатил силата на тој чуде-

сен живот. Тој вели: „Животот се откри, ние го видовме и сведочиме за него, и ви го навестуваме вечниот Живот, кој беше со Отецот и кој ни се откри нам.“ „Сите ние примивме од неговата полнина: благодат врз благодат“ (1. Јованово 1,2; Јован 1,16).

Апостолите на нашиот Господ немале ништо што би им донело слава. Било очигледно дека успехот на нивната работа му припаѓа само на Бога. Животот на овие луѓе, карактерот што го изградиле и силното дело што го сторил Бог преку нив, го потврдуваат она што ќе го стори Тој за сите што се поучливи и послушни.

На честа ѝ претходи понизноста. За да го потполни високото место пред луѓето, Небото бира работник кој, како Јован Крстителот, пред Бога зазема ниско место. Ученикот што најмногу наликува на дете е најуспешен во работата за Бога. Небесните суштества можат да соработуваат со оној што не сака да се издигне себеси туку да ги спасува душите. Оној што најдлабоко ја чувствува својата потреба за божествена помош, ќе се моли за неа, па Светиот Дух ќе му подари дел од Исусовата светлина што ќе ја засили и ќе ја издигне душата. По средбата со Христа ќе појде да работи за оние што умираат во своите гревови. Тој е помазан за својата служба и ќе има успех таму каде што многу учени и умни претрпеле неуспех.

Но кога луѓето ќе се возгордеат, сметајќи дека се незаменливи за успехот во големиот Божји план, Господ ќе стори да останат на страна. Така јасно ќе се покаже дека Господ не зависи од нив. Работата нема да застане затоа што се отстранети од неа, туку ќе оди напред со поголема сила.

На Исусовите ученици не им било доволно само да бидат поучени за природата на неговото царство. Им била потребна промена на срцето што би ги довела во хармонија со неговите начела. Повикувајќи кај себе дете, Исус го довел меѓу нив, го зел нежно во прегратки и рекол: „Вистина ви велам, ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно.“ Едноставноста, заборавањето на себе и детската љубов исполнета со доверба - се особини што ги цени Небото. Тоа се особините на вистинската големина.

Оној што ги повикува луѓето на покајание, мора да разговара со Бога во молитва. Тој мора да се поврзе со Семоќниот, говорејќи:

„Нема да те пуштам додека не ме благословиш. Дај ми сила да задобивам души за Христа!“

Апостол Павле кажува: „Зашто кога сум слаб, тогаш сум силен!« (2. Коринќаните 12,10). Кога ја сфаќаме својата слабост, се учиме да се потпираме на сила која не е наша. Ништо не може толку да изврши влијание врз срцето како постојаното чувство за свесноста за нашата одговорност пред Бога. Ништо не проникнува толку суштински до најдлабоките побуди на нашите постапки како свеста за Христовата љубов која ги проштава нашите гревови.

Ние треба да воспоставиме врска со Бога, зашто тогаш ќе се исполниме со неговиот Свет Дух, кој ќе нѐ оспособи допреме до нашите ближни. Тогаш радувајте се што преку Христа сте станале поврзани со Бога, што сте станале членови на небесното смејство. Додека гледате над себе, ќе имате трајна свест за слабоста на човечката природа. Колку помалку му угодувате на своето „јас“, толку појасно и поцелосно ќе го сфатите совршенството на својот Спасител.

Колку потесно ќе се поврзете со Изворот на светлината и силата, ќе ве осветли посилна светлина и ќе добиете поголема сила да работите за Бога.

Во нашата работа не постои поголема потреба од тоа да ги видиме практичните резултати на нашите разговори со Бога. Во својот секојдневен живот ние треба да покажуваме дека имаме мир и одмор во Спасителот. Неговиот мир во срцето ќе блеска од нашето лице. Тој ќе му дава моќ на осведочување на нашиот глас. Разговорот со Бога ќе го облагороди нашиот карактер и целиот живот. Луѓето ќе сфатат, како и кај учениците, дека сме биле со Исуса. Тоа ќе му даде сила на работникот каква што не може да му ја даде ништо друго. Тој не смее да си дозволи себеси да ја занемари постојаната молитва. Ние мора да живееме двоен живот – живот на мислите и делата – на тивка молитва и сериозна работа. Силата што ја примаме од разговорот со Бога, соединета со напорите да го обучиме својот ум да биде промислен и грижлив, ќе нѐ подготви за нашите секојдневни должности и ќе го чува нашиот душевен мир во сите околности, колку и да се тие тешки. (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 373-375).

**Градиво за саботна школа**
Мисионски стихови
2/2025

Излегува тримесечно:

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров
**За интерна употреба**